Врз основа на членот 558 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр. 28/04) и членот 184 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05), основачите на Стопанската Интересна Заедница СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА, Стопанска комора ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувана од Владимир Тодоровиќ, Стопанска комора ИНДУСТРИСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувана од Петре Филиповски и Стопанска комора УСЛУЖНА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувана од Венко Глигоров (во понатамошниот текст само „Сојуз“ или „Сојуз на комори“), на Собранието го склучија следниот:

# Договор за основање на Сојуз на стопански комори на Македонија

## 1. Основни одредби

### *1.1. Име*

1.1.1 Целосното име на Сојузот е „СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА Стопанска Интересна Заедница“. Скратеното име на Сојузот е: „Сојуз на стопански комори на Македонија“.

1.1.2 Англискиот назив на Сојузот на комори е: „Macedonian Chambers of Commerce“.

1.1.3 Сојузот на комори има својство на правно лице и за своите обврски Сојузот на комори одговара со целиот свој имот.

### *1.2. Седиште и печат*

1.1.4 Седиштето на Сојузот на комори е на ул. Прашка 23 Скопје, Република Македонија.

1.1.5 Сојузот на комори има свој печат и штембил.

1.1.6 Печатот на Сојузот на комори има тркалезна форма со пречник од 3см., во чија внатрешна страна полукружно е испишано: „СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА“. Штембилот е со правоаголна форма и на него е испишано: СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ и празен простор за број и датум на актот што се прима или испраќа.

## 1.3. Основачи на Сојузот

1.1.7 Основачи на Сојузот на комори се:

1) Стопанска комора ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувано од Владимир Тодоровиќ Седиште: ул. Прашка бр. 23 Скопје
2) Стопанска комора УСЛУЖНА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувано од Венко Глигоров Седиште: ул. Прашка бр. 23 Скопје
3) Стопанска комора ИНДУСТРИСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувано од Петре Филипоски Седиште: ул. Прашка бр. 23 Скопје

## 1.4. Времетраење

1.1.8 Сојузот на комори се основа на неопределено време.

## 1.5. Мисија и цели

1.1.9 Сојузот на комори е самостојна, независна, неполитичка и непрофитна организација чија мисија е постојано да ја зголемува конкурентноста на компаниите и организациите што се членови на Сојузот, да го унапредува македонското деловно опкружување и да ја зголемува продажбата на производите на своите членки на глобалниот пазар.

1.1.10 Стратешките цели на Сојузот на комори се:

4) **Комуникации.** Промовирање и зголемување на угледот на Сојузот на комори во јавноста преку доставување на навремени, точни и релевантни информации;
5) **Застапување.** Воспоставување на успешна програма за застапување на членовите кон двете нивоа на власт во Македонија што ќе резултира со позитивни и ефективни промени на економијата заради заштита на деловните интереси на членовите на Сојузот;
6) **Услуги за членовите.** Развој на специфични индустриски активности и иницијативи кои ги подобруваат претприемачките вештини на компаниите членови и ја унапредуваат конкурентноста и продуктивноста;
7) **Поврзување.** Создавање на програм за вмрежување кој овозможува врски на Сојузот на комори и членките на Сојузот на комори меѓу себе, другите Комори и деловни здруженија, владата и локалната самоуправа, НВО, синдикатите, образованието и меѓународната заедница;

8) **Членство.** Организирање на активности кои ќе го зголемат членството на Сојузот на комори и со тоа ќе ги зајакнат позициите на Сојузот на комори во општеството.

1.1.11 Со овој Договор за основање (во понатамошниот текст „Договор“) се уредува делокругот на работа, организацијата и работата на Сојузот на комори односно се обликува правилникот и активностите на Сојузот на комори, надлежностите и начините на функционирање на органите и формите на учество, нејзините органи и тела, општите акти и постапката за нивно донесување, начинот и постапката за прием, упис и бришење членовите на Сојузот на комори, финансирање на Сојузот на комори и други прашања.

# 2. Предмет на работење

## *2.1. Задачи*

1.1.12 Сојузот на комори ги има следните активности и задачи:

1) Застапување, усогласување и заштита на заедничките интереси на нејзините членки пред државните органи;
2) Подобрување на резултатите на работењето на членовите на Сојузот на комори;
3) Обезбедување на стручна помош и други деловни услуги на своите членови;
4) Учество во обликување на стопанскиот систем и мерките на економската политика;
5) Утврдување и негување на добрите деловни обичаи, развивање на деловниот морал и утврдување на правила на однесување на своите членови во меѓусебните односи и односите со трети лица;
6) Учество во процесот на преструктурирање на стопанството;
7) Развивање на претприемачки иницијативи;
8) Промоција на македонското стопанство во странство и воспоставување на врски помеѓу деловниот свет и Македонија;
9) Потикнување на истражувања и иновации;
10) Деловно образование и усовршување;
11) Воспоставување на заеднички информативен систем;
12) Информирање на своите членови за специфичните правни и економски пазарни правила на одредени држави;
13) Стручна помош и анализа на одредени деловни проекти и потфати;
14) Учество во колективни спогодби и заговарање на заеднички настапи на членовите на Сојузот на комори;

15) Делување како потпора (помош) на пазарните активности на фирмите;

16) Различни облици на подобрување на стопанските односи со странство; и

17) Вршење на други работи во интерес на своите членови.

1.1.13Сојузот на комори го склучува и следи општиот колективен договор со соодветниот синдикат, а стопанските комори што се членови на Сојузот на комори ги склучуваат и следат посебните колективни договори за соодветната дејност согласно НКД

1.1.14Сојузот на комори подеднакво ги застапува интересите на сите нејзини членови. Сите членови на Сојузот на комори имаат можност еднакво да ги излагаат нивните специфични интереси како внатре во Сојузот на комори во однос на државата, така и во странство.

1.1.15Работата на Сојузот на комори е јавна. Јавноста на Сојузот на комори се обезбедува со постојано информирање на своите членови за работата на Сојузот на комори, објавување на одлуките на органите на Сојузот на комори преку издавање на брошури, весници, списанија и сл., како и информирање преку своја стручна служба наменета за јавно информирање.

1.1.16Сојузот на комори својата активност ја води според принципот на слободна економска иницијатива, слободна конкуренција, авторегулирање на пазарот, заштита и достоинствено работење.

1.1.17Сојузот на комори своето дејствување го насочува кон принципите за квалитет и транспаретност, ефикасност, економичност и ефикасност фаворизирајќи го учеството на членовите. Со таа цел стручните служби на Сојузот на комори обезбедуваат распространетост преку електронски мрежи на документите и податоците на Сојузот на комори какви што се статутот, правилниците и другите акти за кои се смета дека се од особен интерес за фирмите и пазарот.

1.1.18Во своето работење, Сојузот на комори ќе ја обавува следната дејност:

1) 91.33 Активности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место

# 3. Членови и членство

## *3.1. Членови на Сојузот на комори*

1.1.19Членови на Сојузот на комори можат да бидат:

1) стопански комори што се регистрирани согласно законот за стопански комори во Република Македонија;
2) здруженија на правни и физички лица чија дејност е застапување на интересите на деловната заедница во Република Македонија;
3) стопански субјекти од Македонија;
4) физички лица или било кое друго лице или организација, македонски граѓанин или странски државјанин кој ги исполнува сите услови за членство во Сојузот на комори согласно правилата што ги определува Комисијата за членство на Сојузот на комори.

### *3.2. Регистар на членови на Сојузот на комори*

1.1.20Членовите на Сојузот на комори се запишуваат во Регистар на членови на Сојузот на комори врз основа на одлука за прием донесена на седница на Собрание на Сојузот на комори.

1.1.21Во Регистарот на членови на Сојузот на комори се запишуваат стопански комори регистрирани согласно законските прописи во Р. Македонија.

1.1.22Регистарот на членови на Сојузот на комори го водат стручните служби на Сојузот на комори. Секоја промена на запишаните членови се евидентира во Регистарот, согласно одлуките донесени на Собрание на Сојузот на комори.

### *3.3. Членство*

#### Комисија за членство

1.1.23За прашања поврзани со приемот на нови членови, одржување на членството и престанок на членовите, одговорна е Комисијата за членство. Оваа комисија се состои од Претседателот на Сојузот на комори и други два претставника на Собранието на Сојузот на комори.

#### Прием на нови членови

1.1.24Собранието го потврдува приемот на нови членови на Сојузот на комори, согласно законот и овој Договор.

1.1.25За да се биде примен во Сојузот на комори и да се одржи членството во Сојузот на комори, секој член мора да има добра репутација во општеството и таа репутација да е прифатлива за Сојузот на комори.

1.1.26Кандидатите треба да ги испраќаат нивните пристапници до Комисијата за членство, која ги прифаќа или одбива таквите пристапници на нејзиниот нареден состанок. Сите кои се пријавиле и на кои им е одобрено зачленување во Сојузот на комори, ќе бидат известени писмено за одлуката на Комисијата за членство.

1.1.27Кога одлучува за нови членови, Комисијата за членство го применува дискрециониот принцип: не ги образложува негативните одлуки.

1.1.28Комисијата за членство ги испраќа своите предлози до правниот одбор(УО) за одобрување. Ова одобрување УО го прави за време на редовно свиканите седници или по пат на гласање преку електронска пошта. На годишно ниво, Собранието јавно ќе ги потврди или јавно ќе ги одбие членовите кои биле одобрени или одбиени од УО. Пред гласањето на Собранието, УО секогаш работи во име на Собранието во врска со новото членство. Доколку нема јавно изразени приговори од некој член на Собранието, предлозите на Комисијата за членство и на УО ќе се сметаат за валидни и ќе претставуваат bona fide членство во Сојузот на комори.

1.1.29Кога новите членови се прифатени од УО, ќе им се испрати фактура за уписната членарина и коморската членарина, која треба да се плати во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на фактурата.

1.1.30Ќе се смета дека членовите немаат „добра репутација“ доколку не ја платат членарината благовремено. Потпретседателот за финансии е задолжен за испраќање на информација за евентуалните задоцнувања со плаќањето до членот кој доцни.

1.1.31Комисијата за членство е овластена да ги извршува своите должности во врска со условите за прием и класификацијата на членовите.

1.1.32Членовите ќе добијат потврда за членство и членски карти.

### Почесни членови

1.1.33Сојузот на комори може да има почесни членови. Почесните членови може да бидат лица кои на Сојузот на комори и’ донеле висок рејтинг или биле заслужни за нивните исклучителни деловни активности во поглед на Сојузот на комори. Почесните членови имаат право да го користат изразот Почесни членови”. Почесните членови ќе се избираат со мнозинство гласови на Собранието и со статусот на Почесни

членови нема да бидат овластени да вршат избрани функции во Сојузот на комори.

### Асоцијативни членови

1.1.34Сојузот на комори може да има асоцијативни членови. Асоцијативните членови ќе се избираат со мнозинство гласови на Собранието и со статусот на асоцијативни членови нема да бидат овластени да вршат избрани функции во Сојузот на комори.

### Членување на организации во Сојузот на комори

1.1.35Собранието може да прима непрофитни организации како членови и да одобрува таквите организации да плаќаат пониска членарина од таа која се бара од другите членови. Собранието ќе го употреби своето дискреционо право да ја определи квалификацијата за статус на непрофитна организација согласно овој член, но во секој случај, регистрацијата на некоја организација како непрофитна во Македонија или во странство ќе се земе предвид при ова одлучување.

### Исклучување на членови

1.1.36Освен во случајот од членовите 3.4 и 5, Сојузот на комори може да исклучи член поради недолично однесување, или член чие продолжување на членството се смета за штетно за Сојузот на комори, со дво-третинско мнозинство од оние кои имаат право на глас во Собранието, под услов УО да го предложил тоа исклучување. Седум дена претходно, Извршниот Директор ќе испрати известување до обвинетиот член и до сите членови на Сојузот на комори дека на Собранието ќе се разгледува исклучување. На Собранието ќе се гласа околу исклучувањето, без оглед дали членот чие исклучување се разгледува лично или преку претставник ќе се појави на Собранието или не.

## *3.4. Престанок на членство*

1.1.37Членувањето во Сојузот на комори може да престане ако членот: (а) достави писмено барање за престанок на членување; (б) престане со работа и постоење; (в)престане да постои и (в) е исклучен од Сојузот на комори.

1.1.38Членовите може да се откажат од своето членство со давање на писмено известување до Извршниот Директор. Тоа мора да се направи најдоцна еден месец пред членарината да стаса за плаќање, а во спротивно тие ќе бидат должни и за членарината за во наредниот период за плаќање на членарина.

1.1.39Секој член може да биде исклучен од Сојузот на комори ако:

1) не се придржува и не ги исполнува обврските што произлегуваат од Договорот, одлуките и заклучоците на Сојузот на комори;
2) работи спротивно на интересите на Сојузот на комори.

1.1.40Начинот на исклучување на членот на Сојузот на комори е наведена во делот Исклучување на членови.

### 3.5. Права, обврски и одговорности

1.1.41Членовите на Сојузот на комори ги имаат следниве права, обврски и одговорности:

1) Активни и пасивни гласачки права во органите на Сојузот на комори;
2) Давање на предлози за подготовка на разни акти;
3) Давање на предлози за изработка на деловни проекти;
4) Право на употребување на услугите кои ги дава Сојузот на комори;
5) Право на информирање на разни прашања од областа на Сојузот на комори;
6) Учествување во проекти во рамките на Сојузот на комори и надвор од неа;
7) Изнесување на меѓусебните спорови и случаите на повреда на добрите деловни обичаи, етика и морал пред судот на честа при Сојузот на комори;
8) Посредување во разрешување на спорови од областа на стопанството;
9) Учествување во обезбедување на средства потребни за работа на коморите;
10) Плаќање на коморски уписен влог;
11) Редовно плаќање на членарина.

## 4. Органи и тела на Сојузот на комори

1.1.42Органи на Сојузот на комори се: Собранието; Управниот одбор; Надзорниот одбор; Претседателот и Извршниот Директор.

### 4.1. Собрание на Сојузот на комори

1.1.43Собранието е највисок орган на Сојузот на комори. Собранието на Сојузот на комори работи на седници. Собранието го сочинуваат претставници избрани од членовите на Сојузот на комори. Во

моментот на основање на Сојузот на комори, сите основачи на основачите на Сојузот на комори, и тоа основачитен Стопанска комора ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, Стопанска комора ИНДУСТРИСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, Стопанска комора УСЛУЖНА КОМОРА МАКЕДОНИЈА,

1.1.44Секој член во Собранието на Сојузот на комори има право да овласти еден претставник или повеќе претставници. Бројот на претставници зависи од типот на членот, а се одредуваат на следниот начин:

1) Стопанска комора ги овластува сите свои членови како претставници на Собранието на Сојузот на комори;
2) Здружение ги овластува сите свои членови како претставници на Собранието на Сојузот на комори;
3) Стопански субјект или физичко лице овластува еден претставник во Собранието на Сојузот на комори.

1.1.45Сите членови ќе именуваат и регистрираат кај Сојузот на комори претставник или листа на претставници кои се овластени да ги претставуваат на Собранието. Членовите кои се правни лица (стопански комори, здруженија, стопански субјекти) исто така може да овластат и да регистрираат претставници или листа на претставници како нивни заменици. Обајцата, претставникот и заменик на претставникот може да присуствуваат на Собранието, но само еден може да го користи правото на глас на членот кое ги именувало како претставник и/или заменик претставник.

1.1.46Мандатот на претставниците е две години со можност за повторен избор. Исклучок на ова е случајот е кога на членот му престанува членството во Сојузот на комори при што претставниците на членот го губат мандатот или кога членот предвремено го повлекува претставникот или група на претставници од Собранието на Сојузот на комори.

### Стандардно свикување на седница

1.1.47Редовна годишна седница на Собранието се одржува во периодот помеѓу 1 Јуни и 30 Септември. Други седници на Собранието може да се одржат и надвор од овој период ако има потреба за тоа.

1.1.48Седница на Собрание се одржува на барање на Претседателот на Сојузот на комори или по писмено барање доставено до Извршниот директор на Сојузот на комори од најмалку 10 редовни членови или нивни застапници.

1.1.49 Членовите на Собранието се известуваат за закажаната седница на Собранието по писмен пат користејќи пошта, телефакс или електронска пошта најмалку 21 календарски денови пред денот на нејзиното одржување, а во итни случаи може и во покус рок, но не покус од три денови.

1.1.50 Ако Претседателот на Сојузот на комори не свика седница на Собранието согласно член 4.2.5 и член 4.2.6, сите органи на Сојузот на комори освен Собранието се распуштаат во рок од 60 денови, а на наредната седница на Собранието задолжително се бираат нови органи.

### Свикување на седница од членови на Сојузот на комори

1.1.51 Во случај на писмено барање за свикување на седница на Собранието од страна на најмалку 10 редовни претставници на членовите на Сојузот на комори, а Претседателот не свика Собрание во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето во седиштето на Сојузот на комори, 10те редовни претставници на членовите се овластени да го свикаат Собранието. Времето, местото и целите на ваквата седница ќе го одредат 10те претставници на членовите според процедура опишана во член 4.1 на овој статут. На секоја таква седница нема да се разгледуваат други прашања освен оние кои се наведени во барањето и дневниот ред, со тоа што претставниците на членовите може да дискутираат за други прашања без гласање.

### Водење на седница

1.1.52 Секој претставник на Собранието има право на еден глас при гласањата во Собранието. Ниту еден претставник на Собранието нема да има право на глас доколку членот кој го претставува не ги намирил во целост своите обврски кон Сојузот на комори.

1.1.53 Претставниците на Собранието кои не се во можност да присуствуваат на Собранието на Сојузот на комори може да овластат лице кое ќе ги претставува на таа седница.

1.1.54 За кворум на Собранието ќе се смета ако на седницата на Собранието присуствуваат 26 (дваесет и шест) претставници на Собранието на Сојузот на комори. Освен доколку е тука поинаку определено, одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство гласови од присутните и претставени претставници. Претседателот на Собранието ќе го има одлучувачкиот глас, доколку дојде до еднаква поделба на гласовите. Гласањето ќе биде јавно, со тоа што гласањето за избор или разрешување на член на Управниот одбор ќе биде со писмено тајно гласање.

1.1.55Времето, местото и дневниот ред на седницата на Собранието го предлага Управниот Одбор, а го усвојува Собранието. При усвојувањето на дневниот ред на самата седница на Собранието, претставниците на Собранието може да предложат измени и дополнувања на дневниот ред и истите да бидат усвоени со мнозинството од присутните и претставени претставници на седницата.

1.1.56Собранието:

1) го одобрува Договорот за основање на Сојузот на комори и неговите измени;
2) ја донесува годишната програма за работа на Сојузот на комори;
3) го усвојува Деловникот за работа на Собранието;
4) го избира Управниот одбор и Претседателот на Сојузот на комори;
5) го усвојува извештајот за работа на Управниот одбор;
6) го усвојува извештајот за работа на стручните служби;
7) расправа за прашања од интерес за стопанството и донесува одлуки во врска со тоа;
8) ја контролира и ја насочува работата на Управниот одбор;
9) го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор;
10) го разрешува Управниот одбор и Претседателот на Сојузот на комори ако констатира дека истите го кршат Уставот, законите и другите прописи, Договорот и другите акти на Сојузот на комори;
11) ја разгледува завршната сметка на Сојузот на комори;
12) ја утврдува основицата и стапката на членарината и коморскиот уписен влог во Сојузот на комори на предлог на Управниот одбор;
13) го утврдува финансовиот план на Сојузот на комори;
14) Врши и други работи утврдени со договор или општ акт на Сојузот на комори.

1.1.57Со Собранието на Сојузот на комори раководи Претседателот на Сојузот на комори. Начинот на избор на Претседателот на Сојузот на комори е одреден во Деловникот за работа на Собранието на Сојузот на комори.

1.1.58За вршење на одредени работи од својот делокруг, Собранието може да формира постојани и повремени работни тела.

## *4.2. Управен одбор*

1.1.59Управниот одбор (во понатамошниот текст „УО“) ќе се состои од најмалку најмалку 9 претставници од Собранието на Сојузот на комори кои со одлука ги избира Собранието на начин утврден со Деловникот

за работа на Собранието. Овие претставници на Собранието што се избрани за работа во УО претставуваат членови на УО.

1.1.60УО ќе се состои од еден претседател, еден заменик-претседател, еден потпретседател одговорен за финансии, други потпретседатели одговорни за одредени ресори и други членови.

1.1.61УО одлучува за следните работи:

1) Општо водење на работите на Сојузот на комори;
2) Склучување и следење на општите колективни договори со соодветниот синдикат;
3) избира Извршен Директор;
4) именува потписници на сметката на Сојузот на комори;
5) ја контролира работата на Извршниот Директор;
6) предложува на Собранието нови членови на Сојузот на комори; и
7) други прашања кои не се во надлежност на Собранието или на Извршниот Директор.

1.1.62УО е овластен да основа комисии, постојани и повремени работни тела кои се неопходни за работењето на Сојузот на комори. При своето формирање, УО на првата своја седница формира Комисија за членство.

1.1.63За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Сојузот на комори.

1.1.64УО може да дава писмени предлози за дискусија на Собранието, што треба да се направи не подоцна од еден работен ден пред седницата на Собранието.

1.1.65УО ќе држи седници најмалку еднаш квартално. Сите седници и други состаноци ќе ги води Претседателот, или во негово отсуство лицата предвидени во 4.2 и/или 4.2. Претседателот на УО ќе одлучи за точниот датум, а членовите ќе добијат формална покана. Секој член може да предлага прашања за разгледување на седницата на УО.

1.1.66Претседателот, најмалку седум дена претходно, ќе испрати до секој член покана за седницата на УО заедно со времето и местото на седницата како и предложениот дневен ред. Предметот на работа на УО не е ограничен на тоа што е наведено во известувањето за седницата.

1.1.67Пет присутни членови на УО на седницата ќе претставува кворум. Работите на УО се одлучуваат со мнозинство гласови од присутните членови, освен доколку е тука поинаку предвидено. Претседателот ќе

го има одлучувачкиот глас, доколку дојде до еднаква поделба на гласовите.

1.1.68Седниците на УО се држат во просториите на Сојузот на комори, освен доколку Претседателот не одлучи поинаку.

1.1.69Седниците на УО може да се држат во време кое Претседателот може да ги определи или по доставено барање до Претседателот потпишано од најмалку една четвртина од членовите на УО.

1.1.70УО е овластен да основа комисии кои се неопходни за функционирање на Сојузот на комори, да ја определи нивната форма и овластувања. Првиот УО ќе основа Комисија за Членство.

1.1.71УО ќе биде одговорен за водењето на работите на Сојузот на комори. Во тоа својство, УО ќе има овластување да ги уредува работите на Сојузот на комори и да го информира Собранието за лицето кое е избрано за функцијата Извршен Директор. УО ќе одлучува за вработување на вработени кои по негово мислење се неопходни за соодветно водење на работите на Сојузот на комори. УО ќе ја определува платата и надоместоците на сите лица кои се вработени во Сојузот на комори.

1.1.72Мандатот на секој член на УО ќе биде две години.

1.1.73Во УО не може да членува лице кое не е физички присутно во Македонија најмалку шест месеци во годината.

1.1.74Претседателот на УО ќе ги води седниците на УО.

1.1.75Заменик-претседателот на УО ќе ги превземе обврските на Претседателот доколку не присуствува на состанокот на УО или не е во можност да ги извршува своите задолженија. Доколку Претседателот даде оставка, биде отповикан или на друг начин не е во можност перманентно да ги извршува Претседателските обврски, Заменик-претседателот ќе го замени Претседателот и ќе ја превземе Претседателската функција и неговите обврски.

1.1.76Доколку местото на Заменик-претседателот биде испразнето поради превземањето на претседателството од страна на Заменик-претседателот согласно 4.2 погоре или поради оставка на Заменик-претседателот, неговата функција ќе биде пополнета од тогаш постоечките членови на УО со гласање на УО, а таквото именување ќе биде потврдено на првото наредно Собрание.

1.1.77Потпретседателот за финансии ќе ги има овластувањата во врска со средствата кои се собрани или добиени за да бидат користени од Сојузот на комори. Потпретседателот за финансии ќе се грижи за

точноста на сметките согласно законската форма или ќе овласти некого да го прави тоа. Потпретседателот за финансии ќе ги предава на неговите наследници сите книговодствени материјали на Сојузот на комори и ќе ги потпишува записниците од седниците на УО. Во случај на упразнување на местото Потпретседателот за финансии од било кои причини, оваа функција ќе се пополнува врз основа на резултатите од гласањето на претходното Собрание, со тоа што местото на Потпретседателот за финансии ќе биде пополнето со кандидатот кој на тоа Собрание добил најголем број на гласови за местото Потпретседателот за финансии по лицето кое било именувано на тоа Собрание за Потпретседателот за финансии, а секое такво именување треба да биде потврдено на првото наредно Собрание.

1.1.78Членовите на УО кои не присуствуваат на закажаните седници на УО мора да го информираат Извршниот Директор за причината на нивното отсуство. Доколку член на УО изостанува од три последователни состаноци кои се свикани на начин пропишан со овој акт без причина или од причини кои УО ги оцени како несоодветни, ќе се смета дека оставката на тој член е дадена и прифатена од Сојузот на комори.

1.1.79УО ќе дава писмен или усмен извештај за работата на Сојузот на комори до Собранието на Сојузот на комори во Февруари или Март секоја година. Во случај на усмен извештај, секој член ќе добие известување за Собранието на кое усмениот извештај ќе биде даден, најмалку 21 ден пред одржување на тоа Собрание.

1.1.80Без оглед на одредбите од поглавјето за Членство, Сојузот на комори ќе има ex officio членови кои нема да имаат право на глас.

1.1.81Ex officio членови на Сојузот на комори ќе бидат:

1) Претседателот на Македонија;
2) Претседателот на Владата на Македонија;
3) Економските министри во Владата на Македонија;
4) Министерот одговорен за надворешни работи во Владата на РМ;
5) Министерот одговорен за евроинтеграции во Владата на РМ;
6) Претставникот на политичката опозиција во Македонија;
7) Сите поранешни Претседатели на УО на Сојузот на комори.

## *4.3. Надзорен одбор*

4.4.1 Надзорниот одбор брои најмалку 2 членови кои со одлука се избираат на Собранието на Сојуз на комори. Членовите на Надзорниот одбор од своите редови бираат претседател на НО.

Надзорниот одбор работи на седници кои се одржуваат по потреба. Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор.
Мандатот на претседателот на НО и членовите на НО се избираат за време од две години со право на повторен реизбор .

4.4.2 Надзорниот одбор:

1) врши надзор врз законитоста на работењето на Сојузот на стопански комори
2) врши контрола на финансиското и материјалното работење на Сојузот на комори;
3) ја разгледува завршната сметка на Сојузот на комори и дава мислење на седница на Собранието на Сојузот на комори.
8) врши надзор над спроведувањето на Договорот на основање на Сојузот на комори / Статутот , одлуките и другите правни акти,
9) врши надзор над остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на Сојузот на комори
10) други работи кои ќе му ги додели Собранието на Сојузот на комори

За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Сојузот на комори.

## *4.4. Претседател на Сојузот на комори*

1.1.82 Претседател на Сојузот на комори е Претседателот на Управниот одбор на Сојузот на комори. За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Управниот одбор.

1.1.83 Мандатот на Претседателот трае две години со можност на повторен избор. Во случај мандатот да истече, а Собранието да не избере нов Претседател, постоечкиот Претседател ја обавува функцијата Претседател до наредното Собрание.

1.1.84 Претседателот на Сојузот на комори го избира Собранието на Сојузот на комори од редовите на членовите на Управниот одбор.

1.1.85 Претседателот се запишува во трговскиот регситер како управител – претседател без ограничувања.

1.1.86 Претседателот на Сојузот на комори:

1) ги свикува седниците на Управниот одбор и заседава со нив;

2) го претставува и застапува Сојузот на комори;
3) ја спроведува програмата на Сојузот на комори и се грижи за нејзино спроведување;
4) ги потпишува и спроведува заклучоците на Собранието и органите на Собранието;
5) го предлага заменик-претседателот на Сојузот на комори и Извршниот Директор;
6) учествува и ја организира работата во работата на Управниот Одбор;
7) одговара за законитост за својата работа;
8) врши и други работи кои му се доверени.

## 4.5. Заменик-претседател на Сојузот на комори

1.1.87 Заменик-претседателот на Сојузот на комори го избира Управниот одбор на Сојузот на комори на предлог од Претседателот на Сојузот на комори.

1.1.88 Заменик-претседателот на Сојузот на комори се бира за време од две години со право на повторен избор.

1.1.89 Заменик-претседателот на Сојузот на комори му помага на Претседателот на Сојузот на комори во вршење на неговата функција и во случај на спреченост на Претседателот истиот го заменува.

1.1.90 Заменик-претседателот на Сојузот на комори врши и други работи кои му се доверни од Претседателот или со некој акт на Сојузот на комори.

## 4.6. Управител – Извршен Директор

1.1.91 Во односите со трети лица Сојузот на комори ќе биде претставуван од управителот – Извршниот Директор. Во случај Сојузот на комори за управител да назначи Извршен Секретар наместо Извршен Директор, ако поинаку не е назначено во овој Договор или во другите акти на Сојузот на комори, правата и обврските на Извршниот Секретар се исти како на Извршниот Директор.

1.1.92 Извршниот Директор го избира Управниот одбор на предлог на претседателот.

1.1.93 Извршниот Директор се бира за време од две години со право на повторен избор.

1.1.94Извршниот Директор ќе биде овластен да ги преземе сите активности на Сојузот на комори, освен активностите кои се во надлежност на Собранието или на УО и неговите членови.

1.1.95Обврските кои се преземени од Извршниот Директор ќе бидат обврски на Сојузот на комори. Било каков потпис на Извршниот Директор на било каков документ со кој се преземаат обврски или одговорности за Сојузот на комори мора да биде одобрен од Претседателот на УО.

1.1.96Извршниот Директор ќе потпишува во име и за сметка на Сојузот на комори на сите вирмани, чекови или други инструменти за плаќање, а кога потпишува на било каков документ кој содржи обврски за Сојузот на комори, е обврзан да предвиди одредба со која се ограничува одговорноста на членовите до нивното учество со членарината.

1.1.97Управителот - Извршниот Директор не мора да биде член на Комората.

1.1.98Извршниот Директор:

1) му помага на претседателот и потпретседателите на Сојузот на комори во вршење на нивните функции;
2) ја организира административната дејност на Сојузот на комори;
3) организира исполнување на одлуките на управниот одбор на коморите;
4) врши и други работи кои му се доверени од Претседателот или со некој акт на Сојузот на комори.

1.1.99Претседателот на Сојузот на комори може да делегира дел од одговорностите на Претседателот кон Извршниот Директор со потпишување на менаџерски договор. Менаџерскиот договор согласно Законот за трговски друштва и Законот за работни односи треба да биде усвоен од страна на УО на Сојузот на комори.

1.1.100Управителот-извршниот директор се запишува во трговскиот регистер како управител и сите активности, акти и дејствија во управувањето ги склучува и ги врши заеднички со претседателот или со одобрение/согласност на Собранието/Управниот одбор на правното лице. Застапувањето и претставувањето на Сојузот на комори го врши заеднички со претседателот односно со одобрение од Собранието/Управниот одбор на правното лице.

### *4.7. Стручна служба*

1.1.101Стручните, помошните и административните работи за потребите на Сојузот на комори ги извршува стручната служба на Сојузот на комори.

1.1.102Стручната служба која работи во рамките на Сојузот на комори донесува свој деловник за работа и се придржува кон истиот.

1.1.103Стручната служба за својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Сојузот на комори.

1.1.104Со стручната служба раководи Извршниот Директор кој за својата работа одговара пред Управниот одбор.

1.1.105Извршниот Директор и другите членови на стручната служба учествуваат во работата на органите и телата на Сојузот на комори и даваат свое мислење без право на глас.

1.1.106Систематизацијата на работните места, бројот на работниците, нивните права и обврски, платите и другите надоместоци се уредуваат со Правилник, кој го донесува собранието на предлог на Управниот одбор на Сојузот на комори, а изработен од страна на Извршниот Директор.

1.1.107Стручната служба на Сојузот на комори подготвува информации, анализи, нацрти на општи и други акти за потребите на Сојузот на комори, иницира предлози за донесување и подготвува мислење по предлози на разни прописи од областа на стопанството и други работи предвидени со некој акт на Сојузот на комори.

1.1.108Стручната служба на Сојузот на комори обезбедуваат деловни информации, податоци, стручни совети, анализи,сугестии и сл. со кои се овозможува успешно работење на членовите на Сојузот на комори.

1.1.109Во извршувањето на своите задачи стручната служба соработува со членовите на Сојузот на комори, со стручните служби од другите комори кои се здружени во Сојузот на стопански комори и со разни научни, стручни и други организации и асоцијации.

# 5. Финансиска структура

1.1.110Сојузот на комори се финансира од:

1) коморска членарина;
2) коморски уписен влог;
3) подароци и фондации;

4) надомест за услуги кои ги пружа Сојузот на комори; и

5) други приходи во согласност со законот, овој договор и другите општи акти кои ги донесува Сојузот на комори.

1.1.111 Членарината, давачките и прашањата во врска со тоа се подготвуваат од УО и се уредуваат од Собранието, а се прегледуваат годишно.

1.1.112 Членовите се должни да ги подмируваат своите обврски кон Сојузот на комори навремено. Доколку обврската на некој член остане неплатена после доспевањето за период од три месеци, со одлука на Собранието, членот може да биде исклучен од Сојузот на комори, со известување до сите членови.

1.1.113 УО или овластеното лице ќе ги чува точните сметки за износите на средства кои се примени и потрошени од Сојузот на комори и за имотот и обврските. Еднаш годишно, сметките на Сојузот на комори ќе се испитуваат како и точноста на завршната сметка. На барање од НО завршната сметка може да биде проверена и верификувана од еден или повеќе ревизори согласно меѓународните сметководствени стандарди.

1.1.114 Дополнителни давачки може да се наметнуваат на членовите на Сојузот на комори само со одобрување преку тајно гласање на Собранието на две-третини од гласовите кои имаат право на глас.

1.1.115 По исклучок на член 5, на своја седница, УО со мнозинство од гласови може да наметне само на членовите на УО дополнителни давачки без да ја потврди таа одлука Собранието на Сојузот на комори.

1.1.116 Со средствата на Сојузот на комори располага Управниот одбор, со одлуки што се извршуваат од страна на овластени потписници, а врз основа на овој Договор и законот.

1.1.117 Начинот на фактурирање и наплата на членарината и другите давачки се уредуваат во согласност со Сојузот на стопански комори на Македонија.

# 6. Организирање на Сојузот на комори

## *6.1. Општи акти и постапка за нивно донесување*

### Општи акти

1.1.118 Општи акти на Сојузот на комори се:

1) Договор за основање на Сојузот на комори;

2) Деловници за работа на органи и тела на Сојузот на комори;

3) Правилници;

4) Одлуки и други акти кои имаат карактер на општи акти.

1.1.119Актите на Сојузот на комори мора да бидат во согласност со Уставот, Законот за стопанските комори, Договорот и другите закони.

1.1.120Актите кои ги донесува Собранието не можат да се пренесат во надлежност на другите органи на Сојузот на комори.

1.1.121Управниот одбор општите акти ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

1.1.122Постапка за донесување, измена или дополнување на општ акт, чие донесување е во надлежност на Управниот одбор, може да поведат Комисиите на Управниот одбор или секој член на Сојузот на комори. Постапката се поведува со поднесување предлог во писмена форма. Управниот одбор е должен да го разгледа предлогот и по истиот да донесе одлука. Примерок од оваа одлука, Управниот одбор му доставува на предлагачот.

## Договор и негово изменување и дополнување

1.1.123Договорот го донесува Собранието на Сојузот на комори со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

1.1.124Иницијатива за измена и дополнување на овој договор, може да покрене секој претставник на Сојузот на комори кој го доставува до Управниот одбор.

1.1.125Предлог за измена и дополнување на овој договор поднесува Управниот одбор до Собранието на Сојузот на комори. Пред поднесување на овој предлог, Управниот одбор го доставува истиот на службите кои се должни своите забелешки да ги достават во рок од 10 работни денови.

1.1.126По истекот на рокот од претходниот член, Управниот одбор го утврдува конечниот текст на предлогот и го доставува на Собранието, најмалку 15 дена пред неговото одржување.

## Одлучување на органите

1.1.127Органите и телата на Сојузот на комори донесуваат Деловници за својата работа.

1.1.128Одлуките на органите и телата на Сојузот на комори се донесуваат со мнозинство од вкупниот број на присутните членови на органите односно телото.

## *6.2. Посебни организациони облици*

1.1.129Членовите на Сојузот на комори во рамките на Сојузот на комори можат да одлучат и да дејствуваат преку посебни организациони облици, заради поуспешно и поефикасно остварување на своите специфични заеднички интереси.

1.1.130Одлуката за здружување во посебни организациони облици се донесува по претходно добиено мислење од Собранието на Сојузот на комори.

1.1.131Средствата за работењето на посебни организациони облици ги обезбедуваат членовите кои во нив се здружиле.

## *6.3. Територијално делување и здружување*

1.1.132Сојузот на комори може со одлука на Собранието на Сојузот на комори да одлучи да основа и територијални единици за остварување на своите цели и задачи како територијално организирање на членовите на Сојузот на комори.

1.1.133Поврзување на членките на Сојузот на комори по дејности ќе се врши и на ниво на територијални единици – во групи кои се основани во зависност од бројот, структурата и интересите на стопанските субјекти во даден регион.

1.1.134Собранието со посебен акт ќе го утврди начинот на основање и работење на своите територијални единици.

## *6.4. Суд на честа*

1.1.135Во рамките на Сојузот на комори собранието со посебен акт ќе формира посебен орган - Суд на честа како независен орган кој ќе се грижи за развивање, остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи и деловниот морал како и заштита на истите. Истовремено Судот на Честа ќе одлучува и за неизвршување на обврските на членовите на Сојузот на комори, како и за други повреди на актите на Сојузот на комори за чии повреди може да се изречат мерки во согласност со рамките на актите на Сојузот на комори, како и повреди на добрите деловни обичаи односно правилата на деловната етика.

## *6.5. Арбитражен суд*

1.1.136Во рамките на Сојузот на комори, Собранието со посебен акт ќе формира посебен орган – Арбитражен суд кој ќе биде надлежен да ги решава вонсудските спорови што настануваат во прометот со стоки и услуги (трговски спорови).

1.1.137Согласно правилникот за работа на Арбитражниот суд што ќе го изготви УО на Сојузот на комори, а ќе го верификува Собранието на Сојузот на комори, пред истиот ќе можат да се покренуваат постапки за посредување, спогодување, односно решавање на споровите настанати од меѓусебните односи во областа на прометот на стоки и услуги (трговски спорови) што претпријатијата самостојно ги уредуваат, или што произлегуваат од правата со кои располагаат, освен оние за кои со Закон, или друг пропис е утврдена исклучителна надлежност на редовните судови.

## 7. Престанок на Сојузот на комори

1.1.138Сојузот на комори ќе престане со работа ако за тоа одлучат претставниците на Собранието или ако настанат причини за престанок кои се утврдени со законските прописи во Македонија.

1.1.139Одлука за престанок на Сојузот на комори донесува Собранието со 2/3 мнозинство од претставниците на Сојузот на комори.

1.1.140По престанок на Сојузот на комори, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирување на обврските преминуваат во сопственост на основачите на Сојузот на комори.

## 8. Преодни и завршни одредби

Сите општи акти на Сојузот на комори ќе се донесат и усогласат со одредбите на овој Договор во рок од 120 дена од денот на неговото потпишување.

Претседател на Сојуз на стопански комори на Македонија,

Златко Калеников

________________________________

______________________________________

Содржина

Врз основа на членот 558 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр. 28/04) и членот 184 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05), основачите на Стопанската Интересна Заедница СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА, Стопанска комора ТРГОВСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувана од Владимир Тодоровиќ, Стопанска комора ИНДУСТРИСКА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувана од Петре Филиповски и Стопанска комора УСЛУЖНА КОМОРА МАКЕДОНИЈА, претставувана од Венко Глигоров (во понатамошниот текст само „Сојуз“ или „Сојуз на комори“), на Собранието го склучија следниот:....1
Договор за основање на
Сојуз на стопански комори на Македонија....1
1. Основни одредби....1
1.1. Име....1
1.2. Седиште и печат....1
1.3. Основачи на Сојузот....2
1.4. Времетраење....2
1.5. Мисија и цели....2
2. Предмет на работење....3
2.1. Задачи....3
3. Членови и членство....4
3.1. Членови на Сојузот на комори....4
3.2. Регистар на членови на Сојузот на комори....5
3.3. Членство....5
Комисија за членство....5
Прием на нови членови....5
Почесни членови....6
Асоцијативни членови....7
Членување на организации во Сојузот на комори....7
Исклучување на членови....7
3.4. Престанок на членство....7
3.5. Права, обврски и одговорности....8
4. Органи и тела на Сојузот на комори....8
4.1. Собрание на Сојузот на комори....8
Стандардно свикување на седница....9
Свикување на седница од членови на Сојузот на комори....10
Водење на седница....10
4.2. Управен одбор....11
4.3. Надзорен одбор....14
4.4. Претседател на Сојузот на комори....15
4.5. Заменик-претседател на Сојузот на комори....16
4.6. Управител – Извршен Директор....16
4.7. Стручна служба....18
5. Финансиска структура....18

6. Организирање на Сојузот на комори....19
6.1. Општи акти и постапка за нивно донесување ....19
Општи акти....19
Договор и негово изменување и дополнување....20
Одлучување на органите....20
6.2. Посебни организациони облици....21
6.3. Територијално делување и здружување....21
6.4. Суд на честа....21
6.5. Арбитражен суд....21
7. Престанок на Сојузот на комори....22
8. Преодни и завршни одредби....22

Законски одредби за содржина на Договорот за основање на Сојузот на стопански комори на Македонија

1) називот на стопанската интересна заедница во кој на почетокот или на крајот се содржани зборовите „стопанска интересна заедница”, освен ако тие зборови не се на друг начин содржани во називот на заедницата;
2) името, фирмата или називот, правната форма, седиштето на друштвата и, ако постои, бројот на уписот во трговскиот регистар на секој член на стопанската интересна заедница;
3) времето на траење на стопанската интересна заедница;
4) предметот на работење на стопанската интересна заедница;
5) седиштето на стопанската интересна заедница;
6) начинот на одлучувањето;
7) органите на управување и нивната надлежност;
8) поблиско уредување на пристапувањето, истапувањето и исклучувањето од стопанската интересна заедница и
9) контролата на работењето на стопанската интересна заедница.